*Горан АЈДИНСКИ*

## ОД ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УСТАНОВАТА ЗА МЕНТАЛНО РЕТАРДИРАНИ ЛИЦА GRAENBURG-NORDOOP-ХОЛАНДИЈА

Холандија како земја членка на Европската унија со висок економски и социјален стандард на живот, покрај другото настојува да обезбеди и максимално задоволувачки и идеални услови за заштита, едукација и рехабилитација на лицата со пречки во развојот. Во тоа се уверивме за време на посетата и престојот во установата за ментално ретардирани лица **Graenburg во Nordoop.**

Оваа установа е за згрижување и обезбедување современ третман на лицата со тешка и длабока ментална ретардација во која **се сместени 440 корисници со просечна возраст од 25-30 години.** Од нив 38 се над 50 години, а 5 се постари од 80 години. Повеќето корисници во Graenburg, не можат да живеат самостојно и да бидат независни во средината како останатата популација. Тоа се однесува на тежината на хедикепот, односно заостанувањето во развојот и нискиот коефициент на интелигенција, поради што тие не можат да се грижат за себе, и ја немаат способноста да се интегрираат во средините каде што живеат. Менталната возраст кај тешко и длабоко ментално ретардираните корисници од установата може да се спореди со менталната возраст кај децата кои не се ментално ретардирани, од неколку месеци до неколку години. Повеќето од нив се физички возрасни, но ментално тие се на ниво на деца од најрана возраст.

**На локацијата од Graenburg, дел од корисниците живеат во куќни заедници во кои има по 6 одделенија за 12 лица во една куќа.** Тие се сместени по еден или двајца во соба, што претставува еден од најсовремениот начин на живот, грижа и нега на лицата со ментална ретардација. Во установата се користат куќи наменети за корисници што ги има 48 во кои живеат во групи од по 6 лица. **Секој корисник има сопствена соба и заедничка соба за определени активности (за јадење, дневен престој за гледање на ТВ и за други активности).**

Во установата има сместено и други корисници (на 6, 7 или 8 годишна возраст), кои не можат да живеат во нормални средини поради нивните проблеми на однесувањето. Така на пример, 25% од корисниците имаат бихевиорални растројства. Тоа значи дека се агресивни, а 25% од нив како неподвижни се зависни од инвалидска количка и 25% имаат епилепсија.

По пат на извршените реформи и промени во установата, управата и другиот персонал настојуваат низ организацијата, создадените услови и работата со децата да им овозможат што понормален живот сличен на семејните услови. За таа цел постојат три вида на активности:

- **Во домашна заедница;**
- **Работен или дневен центар за разни активности;**
- **Центар за рекреативни активности.**

Покрај тоа има и Опсервационен центар каде што се дијагностицираат и распоредуваат ментално ретардираните лица.

**Центарот за дневни активности** се состои од 20-25 групи од по 7-9 возрасни ментално ретардирани лица. Во овој Центар се наоѓа за длабоко ментално ретардирани лица што се неподвижни со физички пречки како резултат на генетски и хромозомски растројства. Активностите во одделот се изведуваат четири пати неделно по три часа. Се применува музичка терапија. Исто така се применува релаксација и стимулација на сите сетила и на мускулно скелетниот систем преку масажа, допир и промена на положбата на телото. Сето тоа е придружено со пријатна музика и весела атмосфера што ја создаваат рехабилитаторите што работат со нив. Богаството и ентериерот на креативно изработени средства (украси, играчки, слики и сл.) со кои изобилува просторијата секако дека има позитивно влијание врз корисниците.

Во Центарот го посетивме и **одделот за изведување на дневни активности** со тешко и длабоко ментално ретардирани лица. Тие се подвижни со нешто подобро развиен степен на перцептивни можности. Корисниците составуваат мозаик, редат и играат со коцки и други едноставни фигури со придружба на пријатна музика.

Постои посебна просторија каде што се ангажирани тешко ментално ретардираните лица со пречки во однесувањето или со асоцијално однесување. Активностите започнуваат со музичка терапија и продолжуваат со наједноставни активности, со цел лицата да бидат постојано ангажирани.

При посетата на овој Центар во групата за тешко ментално ретардирани (development group) се опсервираше примена на музичка терапија и пеење, свирење на инструменти, музика придружена со движење во рамките на нивните психофизички можности. Се изведуваат најразлични активности со цел да се развие видно-моторна контрола, корекција на движењата, ориентација во просторот и се прават обиди да се задржат и развијат постојните способности.

Во состав на овој центар се направи посета и на групата каде што се спроведува рехабилитација на умерено ментално ретардираните лица. Тука се изведуваат активности каде што корисниците применуваат елементарни знаења и активности за обработка на материјали, на дрво, користење на работни алатки, плетење, цртање на слики, домаќинство, изработка на таписерии итн.

Еднаш неделно се посетува музичкиот кабинет, базенот и детската фарма каде што активно се вклучени корисниците во развивањето на сетилата, моторните способности, кординација на движењата и каде што се применува релаксацијата.

**Куќните заедници** во установата се застапени со доста голем број и со максимално обезбедени услови за престој и живот во нив. Внатрешниот ентериер изобилува со најсовремени уреди од обласга на домаќинството, аудио-визуелна техника, мебел и слично. Хигиената е на највисоко ниво што може да се види во самата куќна заедница како и во посебно уредениот санитарен јазол. Бројот на корисниците во куќните заедници, зависно од потребите и тежината на оштетувањето, се движи од 10 до 15 лица.

Со корисниците во овие куќни заедници работи специјално оспособен кадар (nurses) со средно образование и дополнителна тригодишна курсна

едукација. Претпладне работат две лица, попладне исто две, а навечер дежурно едно лице за неколку куќни заедници.

Се одржуваат средби со родителите, а посебно треба да се истакне дека се вршат постојани консултации со дефектологот (ортопедагогот), а еднаш месечно се одржува и официјален состанок. Со секој корисник се работи индивидуално во воспитната работа, а посебно во здравственото воспитание, сексуалното воспитание, социјалниот контакт, убавото однесување, вероисповеста и друго.

Посетени беа и куќните заедници каде што се сместени и стари тешко ментално ретардирани лица над 60 годишна возраст. Принципот на работа како што рековме е ист, со исклучок на некој специфичности со оглед на нивната возраст.

Од изнесениот приказ за работата на установата Graenburg се издвојува куќната заедница наречена “Bromelia", што не се наоѓа во состав на установата, туку е сместена во населбата Nordoop и е наречена "Social houses". Нејзината цел е да се интегрираат ментално ретардираните лица во социјалната средина што не се толку тешко хендикепирани како другите корисници во Graenburg. Во куќната заедница се вклучени 12 лица со подобри психомоторни способности, дел од нив работат и во градот Den Hag, додека најголем дел се вклучени во Центарот за дневни активности во Graenburg.

**Во опсервационен центар** се вршат опсервации, анализи, специјален третман и специјално испитување, односно процена на психомоторниот статус на ментално ретардирани лица.

**Постојниот стручен тим** што работи на полето на проценката на психомоторниот развој на ментално ретардираните лица се состои од: **дефектолог (ортопедагог) или психолог, социјален работник и лекар.**

Пред да се даде конечна дијагноза за менталната ретардација се изведува опсервација на корисниците. Опсервацијата трае околу 3 месеци. Корисниците (18 корисници) за време на тој период престојуваат и се сместени во 9 простории на Центарот. Кога е тешко да се постави конечна дијагноза се бара помош од лекари специјалисти и од други стручни профили кои работат со ментално ретардирани лица.

*

* *

## ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ

Институтот за дефектологија на седницата одржана на 8.12.1997 година предложи Елаборат за организирање постдипломски студии до наставно научниот совет на Филозофскиот факултет кој на својата седница одржана на 24.12.1997 година го усвои и донесе соодветна **ОДЛУКА.** Во февруари 1998 година Ректорската управа на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” го озваничи отварањето на постдипломските студии по дефектологија што ќе започнат од октомври 1998 година.